**резимеа од одбранети докторски и магистерски тези**

# ФАКТОРИ НА РИЗИК ЗА ПОЈАВА НА НАРУШУВАЊЕ ВО ОДНЕСУВАЊЕТО И ПОТРЕБАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РАНА ИНТЕРВЕНЦИЈА

*Ирена НОВАЧЕСКА*

Филозофски факултет,
Институт за дефектологија,
Скопје, Р. Македонија

Примено: 25. 12. 2013
Прифатено: 27. 12. 2013

Ирена Новаческа го одбрани својот магистерски труд на 11. 12. 2013 година на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, пред комисијата во состав: доц. д-р Зоран Киткањ, проф. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ и проф. д-р Владимир Трајковски.

## *Резиме*

Магистерскиот труд е презентиран на 149 страници. Трудот ги содржи следниве делови: *Вовед, Теоретски основи, Истражувачки дел* составен од: *Методологија на истражувањето, Анализа и интерпретација на резултатите, Дискусија, Заклучоци* и *Препораки, Прилози* и *Литература.*

Во *Воведот* се образложува концептот нарушување во однесувањето како и различните групи на ризик-фактори што доведуваат до оваа појава. Најчесто се издвојуваат две главни групи на етиолошки фактори што доведуваат до нарушување во однесувањето, и тоа средински фактори и фактори поврзани со функционирањето на личноста. Во последните децении сè повеќе се зголемува бројот на деца со нарушување во однесувањето, со што се наметнува потребата за навремена идентификација на ризик-факторите и на заштитните фактори, со цел превенцијата и раната интервенција, како перманентен и активен процес, да започнат колку што може порано, најдобро уште на предучилишна возраст.

Адреса за кореспонденција:
*Ирена НОВАЧЕСКА*
Втори август 5
7500 Прилеп, Р. Македонија
е-пошта: irena_novaceska@yahoo.com

**abstract from defended doctoral and post-graduate theses**

# RISK FACTORS FOR THE EMERGENCE OF BEHAVIORAL DISORDER AND THE NEED FOR PREVENTION AND EARLY INTERVENTION

*Irena NOVACHESKA*

Faculty of Philosophy,
Institute of Special Education and
Rehabilitation, Skopje, R. Macedonia

Recived: 25.12.2013
Accepted: 27.12.2013

Irena Novacheska defended her master thesis on 11th December 2013 at the Institute of Special Education and Rehabilitation, Faculty of Philosophy, University “Ss. Cyril and Methodius” -Skopje, in the presence of a commission composed of: Doc. Dr. Zoran Kitkanj, Prof. Dr. Daniela Dimitrova Radojichikj and Prof. Dr. Vladimir Trajkovski.

## *Abstract*

The Master’s thesis is presented on 149 pages. The paper contains the following sections: *Introduction, Theoretical approach to the problem of the research*, *Research section* which contains: *Research methodology, Analysis and interpretation of the results, Discussion, Conclusions, Recommendations, Articles* and *Literature.*

The *Introduction* explains the concept of behavioral disorder and the different sets of risk factors that lead to the appearance of behavioral disorder. Commonly, we distinguish two main groups of etiological factors that lead to behavioral disorder: environmental factors and factors related to the person’s functioning. In the recent decades, the number of children with behavioral disorders is increasing more and more, and this increase entails the need for timely identification of the risk and the protective factors, which means that prevention and early intervention, as a permanent and active process, must begin as early as possible, and the best moment is in the preschool period.

Coresponding address:
*Irena NOVACHESKA*
Vtori Avgust 5
7500 Prilep, R. Macedonia
E-mail: irena_novaceska@yahoo.com

Во *Теоретските основи* е дефиниран поимот нарушување во однесувањето од неколку аспекти (правен, медицински, специјално-педагошки и емпириски), наведена е различната терминологија која се користи во стручната и научната литература, како и податоци за преваленцијата, за коморбидитетот и за различните класификациски системи, во чии рамки е опфатено нарушувањето во однесувањето. Исто така, елаборирани се и ризик-факторите што доведуваат до појава на нарушување во однесувањето, кои се поделени во неколку групи: индивидуални фактори, семејни фактори, фактори поврзани со училиштето, фактори поврзани со врсниците и фактори поврзани со општествената средина. Покрај ризик-факторите, образложени се и факторите на заштита и нивната поделба. Значаен дел од теоретските основи зазема и дефинирањето на превенцијата и раната интервенција, како и видовите на превенција и моделите на рана интервенција кои најчесто се применуваат во работата со учениците со нарушување во однесувањето.

Во *Истражувачкиот дел* е дадена методологијата на истражување и притоа се дефинирани предметот, целта и карактерот на истражувањето, задачите, хипотезите, варијаблите, методите, техниките и инструментите, примерокот, статистичката обработка на податоците, местото, времето, организацијата и текот на истражувањето.

Основната цел на истражувањето е да се утврдат ризик-факторите кои доведуваат до појава на нарушување во однесувањето кај учениците од основно образование, како и потребата од преземање мерки за превенција и рана интервенција. Примерокот на истражувањето го сочинуваат 70 одделенски наставници и одделенски раководители од пет основни училишта на територијата на град Прилеп, во чии одделенија има ученици со нарушување во однесувањето. Испитаниците се поделени во две групи, и тоа: 35 одделенски наставници и класни раководители се од училишта во урбана средина, а останатите 35 од училишта во рурална средина.

Во истражувањето се користени дескриптивниот метод и методот на компаративна анализа. Како техники беа употребени анализа на документација, анкета и скалирање. За собирање податоци беа употребени два типа прашалници: Прашалник за наставници/класни раководители и Прашалник за предностите и теш-

The *Theoretical basis* gives definition of the term behavioral disorder from several aspects (legal, medical, special-educational and empirical), mentions different terminology which is used in scientific literature, as well as data for the prevalence, comorbidity and various classification systems, within which the behavioral disorder is covered. Also, the risk factors that lead to behavioral disorder, divided into several groups: individual factors, family factors, factors related to school, peers and factors related to the social environment are elaborated. Besides the risk factors, the factors for protection and their division are elaborated too. An important part of the theoretical basis takes the definition for prevention and early intervention, including the types of prevention and the models of early intervention that are commonly used in working with students with behavioral disorder.

The *Research section* presents the methodology of the research and defines the subject, the purpose and the character of the research, the goals, the hypothesis, the variables, the methods, the techniques and instruments, the sample, the statistical data processing, the place, the time, the organization and the course of the research.

The underlying purpose of this research is to determine the risk factors for the emergence of behavioral disorder among students from primary schools and also the need for taking some measures for prevention and early intervention. The sample of the research consisted of 70 teachers and class teachers from five primary schools in Prilep that have students with behavioral disorder in their classes. They are divided in two groups: 35 teachers and class teachers are from schools in the urban community and the rest 35 are from schools in the rural community.

The methodological structure is based on the descriptive method and the method of comparative analysis. The analysis of documentation, survey and scaling were used as techniques. For data collecting two types of questionnaires were used: Questionnaire for teachers/class teachers and The Strengths and Difficulties Questionnaire. The collected data

котиите. Собраните податоци беа групирани, прикажани табеларно и графички; со PSPP за Windows 7 е пресметана дистрибуцијата на фреквенцијата, аритметичката средина и $\chi^2$ (за статистички значајна разлика беше употребено $p < 0.05$).

*Анализата и интерпретацијата* на добиените резултати покажа дека ризик-факторите што доведуваат до нарушување во однесувањето кај учениците од основно образование се поврзани со индивидуата, семејството, училиштето и со влијанието на врсниците. Верификацијата на хипотезите упатува на следните *заклучоци*: нарушувањето во однесувањето е почесто застапено кај учениците од машки пол (81,42%); во најголем дел од случаите (41,42%) се јавува на возраст од 9 до 12 години (IV-VI одделение); 60% од учениците со нарушување во однесувањето живеат во семејства со ниски материјални приходи; 50% од учениците со нарушување во однесувањето се дружат само со врсници со проблематично однесување. Загрижува и фактот што најголем дел од учениците (54,28%) имаат интензивна потреба од интервенција.

Врз основа на резултатите и донесените заклучоци може да ги дадеме следните *препораки* (социјално-заштитни, здравствени, воспитно-образовни и правни): неопходно е навремено препознавање и откривање на нарушувањето во однесувањето, идентификување на факторите на ризик и јакнење на факторите на заштита; планирање, развивање и имплементирање програми за превенција и рана интервенција на нарушување во однесувањето на локално и национално ниво; организирање на слободното време на овие ученици; унапредување на соработката меѓу училиштето, семејството, Центарот за социјална работа и локалната заедница.

***Клучни зборови:*** *нарушување во однесувањето, ризик-фактори, превенција, рана интервенција, ученици со нарушување во однесувањето*

was grouped, tabled and graphically displayed and the distribution of frequency, ponder arithmetic mean and $\chi^2$ was calculated using PSPP for Windows 7 (for the statistically significant difference we used the difference that has a significance level of $p < 0.05$).

The *Analysis and interpretation* of the results shows that the risk factors for the emergence of behavioral disorder among students from primary schools are associated with the individual characteristics of the student, the family, the school and the peers' influence. The verification of the hypothesis gives the following *conclusions*: the behavioral disorder is more prevalent among boys than girls (81.42%); in most of the cases (41.42%) the behavioral disorder appears between the age of 9 - 12 years; 60 % of the students with behavioral disorder live in families with low material incomes; 50% of the students with behavioral disorder are in company only with friends who also have behavior problems. The fact that most of the students with behavioral disorder (54.28%) have an intense need for intervention is worrying.

Based on the results and the conclusions we can give the following *recommendations* (social-protective, medical, educational and legal): timely recognition and detection of behavioral disorder, identification of the risk factors and the strengthening factors for protection; planning, development and implementation of programs for prevention and early intervention of the behavioral disorder locally and nationally; organization of the free time of these students; promotion of the cooperation between school, family, the Center for social work and the local community.

***Keywords:*** *behavioral disorder, risk factors, prevention, early intervention, students with behavioral disorder*